КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Број 02-5/6

Датум 24. I 2012 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери и член 108 од Законот за градење, а на предлог од Управниот одбор, Собранието на Комората одржано на 24.01.2012 година донесе

# ПОСТАПКА

за избор на преставници на одделенијата во Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија

## I. Општи одредби

1. Вкупниот број на членови на Собранието на Комората на овластените архитекти и овластените инженери е 75.
2. Бројот на претставниците на одделенијата се одредува пропорционално на бројот на членови на поделните одделенија во однос на вкупниот број на членови на Комората.
3. Секое одделение предлага онолку членови за Изборното собрание колку што утврдил Управниот одбор согласно критериумот од точка 2 на оваа постапка.
4. При изборот на претставниците на одделенијата во Собранието треба да се почитуваат и следните критериуми:
   a. Правична територијална застапеност,
   b. Правична национална застапеност,
   c. Правична родова застапеност.

## II. Закажување на состанок на одделението

1. Раководителот на соодветното одделение закажува состанок на членовите на одделението со предлог Дневен ред. Терминот и дневниот ред се објавуваат на веб страницата на Комората како и во списанието на Комората доколку за тоа се исполнети потребните технички предуслови. Истиот се доставува до членовите на одделението и по електронска пошта.

2. Објавата на дневниот ред се врши најмалку 7 дена пред датумот на одржување на состанокот.
3. Раководителот на одделението закажува состаноци по региони и тоа го објавува заедно со Дневниот ред.

## III. Тек на изборниот состанок

1. Раководителот на одделението, или од него овластен претставник, го отвара и раководи со изборниот состанок.
2. По усвојување на дневниот ред раководителот ги запознава присутните со постапката за предлагање и избор на членови на Собранието како и за начинот на избор на претставници на одделението во телата и органите на Собранието.
3. На изборниот состанок одлуките се донесуваат со јавно гласање. За донесена се смета онаа одлука ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на одделението.
4. Во случај кога за иста точка од дневниот ред има повеќе предлози се гласа за секој предлог поодделно според редоследот како се дадени.
5. Право да предлага, да биде избран и да бира има само член на одделението кој е запишан во Именикот на Комората и кој ја има подмирено годишната членарина.
6. Работата на изборниот состанок се одвива согласно Деловникот на Собранието на Комората.

## IV. Предлагање и избор на членови во Собранието

1. Пред отпочнување на постапката за предлагање и избор на претставници на одделението во Собранието, членовите избираат Кандидациона комисија од 3 члена.
2. Кандидат за претставник во Собранието може да биде секое лице со овластување од одделението кое ќе биде предложено од пет лица со овластување од истото одделение, со писмен предлог на претходно подготвен формулар.
3. Еден член на одделението не може да предложи повеќе од еден преставник.
4. Писмениот предлог се доставува до Кандидационата комисија која ја составува листата на предложени кандидати.
5. Утврдувањето на листата на предложени кандидати се врши со јавно гласање.
6. Листата се смета за усвоена ако за неа гласале мнозинството од присутните членови на одделението.
7. Се гласа јавно за цела листа. Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа се изјаснило мнозинството од присутните членови на одделението.

8. До колку бројот на предложените кандидати е поголем од потребниот гласањето може да се врши и тајно ако за тоа се изјасни мнозинството од присутните членови.

## V. Предлагање и избор на кандидати за членови во органите и телата на Собранието

1. При понатамошниот избор на претставниците на одделенијата за одделните функции на Комората треба да се земе предвид цикличноста на промената во националната застапеност на овие места согласно почетно утврдената шема од првото изборно собрание.

## VI. Завршни одредби

1. За работата на Изборниот состанок се води записник кој го потпишува раководителот на одделението.
2. Записникот од Изборниот состанок се доставува преку архивата на Комората до Управниот одбор на Комората најдоцна 7 дена по одржување на состанокот.

Претседавач на Собранието

д-р Горан Марковски